Почитувани присутни резервни офицери, дами и господа драги гости. Дозволете ми да Ви посакам добредојде на оваа наша денешна свеченост посветена на 18 годишнината од преземањето на границата на Р. Македонија

Во оваа пригода сакам да ја поздравам и иницијативата на Општинската организациона единица на резервните офицери на Крива Паланка, подржана од раководството на Организацијата на резервните офицери на Република Македонија, да се одбележи 11.март ден кој во 1992 година, претставуваше мошне значаен настан од нашата понова историја. Особено сме горди бидејќи овој настан се случи токму на подрачјето на нашата општина, а прва преземена караула е токму караулата "Рамна Нива". Од тука всушност почнува и фактичкото формирање на Македонската армија, а воедно и осамостојувањето на Македонската држава.

За волја на вистината не можам, а да не истакнам дека тогаш не беше мал бројот како на поединци така и политички партии кои не веруваа во тоа дека ќе можеме сами да успееме. Не веруваа дека сме способни да се организираме сами како армија, полиција и како држава. Докажавме дека можеме дека сме способни и успеавме да направиме и армија и полиција и држава, а и докажавме дека сме способни да се соочуваме и да се бориме со предизвиците на денешнината. Горди сме со тоа што направивме елитни единици кои се присутни во рамките на мировните мисии во Ирак и Авганистан. Значи ние Македонците можеме сами да функционираме на секој план.

Но да се навратам на 11 март 1992год. На тој ден на припадниците на тогашната Територијална одбрана, сегашните резервисти, односно резервните офицери кои командуваа со единицата на нив падна главниот товар во процесот на создавањето на Македонската армија и воспоставувањето на границата. Тие покажаа завидна умешност и храброст да им се одолее на заканите, притисоците и искушенијата на патот на остварувањето на многувековниот сон на Македонскиот народ за создавање на сопствена самостојна и независна држава. Тоа нешто не смее да се заборави и треба да се почитува.

Организацијата на резервните офицери со своите активности пред се дава непосреден придонес во јакнењето на одбранбениот систем на државата преку едукација и обука на своето членство. Тие со своите активности учествуваа на вежби, предавања, државни натпревари каде повеќе пати освојувале признанија и награди. Меѓутоа резервните офицери на општинско ниво со својата стручност даваат и голем придонес на ниво на локаната самоуправа особено во делот на безбедност и заштитата на населението и матријалните добра во случај на природни непогоди и други несреќи.

Општината Крива Паланка ќе ги помага активностите на Општинската организација на резервните офицери како и другите невладини организации и здруженија на граѓани бидејќи тоа е во интерес како за нашата општина така и пошироко во Р. Македонија

Уште еднаш почитувани присутни, Ви посакувам се најдобро и Ви го честитам 11. март кој ден денес го одбележуваме како патронен празник на Општинската Организација на резервните офицери на Крива Паланка.

Благодарам